Бр./Nr 12-986/2
12-06-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 19-тата седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-986/1 од 06.03.2025 година, со наводи против Друштвото за услуги --------- Скопје, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи надлежени се други органи да постапуваат.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават до Министерството за внатрешни работи на РСМ и во Основно јавно обвинителство Скопје.

Предметот со број 12-986/1 од 06.03.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 06.03.2025 година, поднесена е пријава со наводи против Друштвото за услуги -------- Скопје и оформен е предмет број 12-986/1 од 06.03.2025 година.

Во пријавата наведено е дека, Друштвото за услуги --------- Скопје со седиште на ул.--- бр.--- во ТЦ ---- локал ---, на незаконит начин профитира и наплаќа камати на своите клиенти.

Имено, подносителот наведува дека од горенаведеното друштво позајмил пари заради лекување на член на семејството, по што бил склучен Договор во кој било уредено дека парите ќе ги врати на месечни рати, за да може да се раздолжува, а била потпишана и гаранција кај нотар.

Во продолжение подносителот наведува дека од страна на непознати лица бил вршен притисок плаќањето да биде во готово и дека во спротивно ќе го дадат на извршител. Потоа ја зголемиле каматата пет (5) пати од законската повикувајќи се на луѓе кои биле надворешни соработници во наведеното друштво, и му се заканиле на него и неговото семејство.

Исто така, подносителот наведува дека се обратил до Министерството за внатрешни работи на РСМ и до Државното правобранителство на РСМ, но не добил конкретен одговор.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува и предметната пријава со прилозите ќе се достават до Министерството за внатрешни работи на РСМ и во Основно јавно обвинителство Скопје.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК